РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Бр. 11-2057/2
14-10-2025 2025
Скопје

**ДО**
**МИНИСТЕРСТВО ЗА ЕНЕРГЕТИКА,**
**РУДАРСТВО И МИНЕРАЛНИ СУРОВИНИ**
**Г-ѓа Сања Божиновска, министер**
**Ул.„ Македонија " бр.27**
**1000 Скопје**

**ПРЕДМЕТ** : Мислење по Правилникот за формата, содржината и начинот на поднесување на иницијатива за вклучување во Годишниот план за изградба на енергетски објекти, форма и содржина на Годишниот план и Извештајот за реализација на Годишниот план за претходна година, податоци потребни за изработка на Годишниот план, начинот и роковите за нивно доставување од институции, потребна документација за изготвување на Годишниот план за изградба на енергетски објекти и документација која ја доставува инвеститорот, начинот на оценување на соодветноста на податоците доставени од инвеститорите, начинот распределбата на потребни трошоци за инвестиции за зајакнување на мрежите, начинот на изработка на приклучни точки како и правата и обврските на засегнатите страни за секоја поединечна институција прифатена во годишниот план за изградба на енергетски објекти, динамиката на развој на проектите на начинот на користење и поднесување на апликации преку јавно достапна платформа.
**Врска:** Ваш бр. 02-4295/6 од 26.09.2025 година

Почитувана г-ѓа Божиновска,

До Државната комисија за спречување на корупцијата на ден 29.09.2025 година од страна на Министерството за енергетика, рударство и минерални суровини е доставено Барање на мислење на Правилникот за формата, содржината и начинот

на поднесување на иницијатива за вклучување во Годишниот план за изградба на енергетски објекти, форма и содржина на Годишниот план и Извештајот за реализација на Годишниот план за претходна година, податоци потребни за изработка на Годишниот план, начинот и роковите за нивно доставување од институции, потребна документација за изготвување на Годишниот план за изградба на енергетски објекти и документација која ја доставува инвеститорот, начинот на оценување на соодветноста на податоците доставени од инвеститорите, начинот распределбата на потребни трошоци за инвестиции за зајакнување на мрежите, начинот на изработка на приклучни точки како и правата и обврските на засегнатите страни за секоја поединечна институција прифатена во годишниот план за изградба на енергетски објекти, динамиката на развој на проектите на начинот на користење и поднесување на апликации преку јавно достапна платформа, со бр. 11-2057/1 од 29.09.2025 година.

По разгледување на доставениот Правилник од аспект на одредбите од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси ("Службен весник на Република Македонија" бр.12/19) Државната комисија, го дава следното

## МИСЛЕЊЕ

Државната комисија за спречување на корупцијата, од аспект на одредбите од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр. 12/2019), во основа нема забелешки на горенаведениот правилник.

Правилникот е изготвен со цел исполнување на законската обврска на Владата да донесе Годишен план за изградба на енергетски објекти за 2025 година, како што е утврдено во член 299 став (7) од Законот за енергетика („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 101/2025 и 135/2025).
По однос на содржината на правилникот, од аспект на одредбите од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, во основа не се утврдени забелешки кои упатуваат на постоење на регулаторни ризици од корупција.

Целта на правилникот е уредување на постапката и критериумите за изработка на годишниот план, што претставува техничко-организациски акт без дискрециони овластувања што би можеле да создадат простор за коруптивно постапување.

Одредбите на правилникот се во согласност со принципите на законитост, транспарентност и јавен интерес, при што не се идентификувани одредби што би можеле да доведат до судир на интереси или можности за злоупотреба на службена положба односно не се идентификувани одредби што содржат субјективни критериуми, нејасни процедури или овластувања без контрола, што се типични индикатори за регулаторни ризици од корупција.

Согласно наведеното, Државната комисија смета дека предложениот правилник не содржи регулаторни ризици од корупција, и неговото донесување се смета за технички чекор кон исполнување на веќе дефинирана законска обврска и придонесува за уреденост во енергетското планирање.

Заменик претседател,

м-р Цвета Ристовска

Изработил: С.М.-советник
Проверил: А.С- раководител на одделение
Контролирал: Б.В.Б-помошник раководител
Одобрил:М. К.-раководител на сектор